Општина Валандово

# З А П И С Н И К

од

спроведен електронски анкетен прашалник за креирање на
Буџетот на Општина Валандово за 2024 година

На ден 15.11.2023 година, на официјална веб страна www.valandovo.gov.mk и на официјалните facebook страни, Општина Валандово објави електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

Овој анкетен прашалник траеше од 15.11.2023 – 30.11.2023 година.

Цел на анкетниот прашалник беше поголема вклученост на граѓаните, здруженијата, граѓанските организации и бизнис секторот во креирање на Буџетот на Општината со придонес од свои идеи и предлози.

На анкетниот прашалник имаше шест полиња за одговор и тоа:

- Пол,
- Возраст,
- Национална припадност,
- Населено место,
- Област на проблем, предлог или идеја и
- Опси на проблем, предлог или идеја (во кратки црти);

**Согласно податоците од граѓани кои го пополниле анкетниот прашалник вкупно се добиени 85 одговори на проблеми, предлози или идеи.**

- Според полот вкупно одговориле 39 мажи и 46 жени,
- Според возраста 17 одговори се од граѓани кои се под 30 години, 67 одговори се од граѓани кои се помеѓу 30-64 години и 1 одговор од лице кое е над 64 години,
- Според националноста одговори пристигнаа од 77 лица од македонска националност и 8 лица од турска националност и

- Според населено место имаме 43 одговори за/од Валандово, 15 за/од Удово, 7 за/од Раброво, 5 за/од Чалакли, по 4 за/од Брајковци и Пирава, по 2 за/од Јосифово (Горна Маала), Казандол и Грчиште и 1 одговор за/од Дедели.

**Согласно податоците граѓаните дале предлози и идеи во неколку области, и тоа:**

- За областа Улици, патишта и тротоари има вкупно 16 огодовори,
- За областа Млади, спорт и кулутира има вкупно 14 одговори,
- За областа Улично осветлување има вкупно 7 одговори,
- За областите Улично осветлување, Образование и Кучиња скитници има по 7 одговори за секоја област,
- За областите Водовод и канализација и Урбана опрема има по 6 одговори за секоја област,
- За областите Управување со отпад и Друго има по 5 одговори за секоја област,
- За областа Паркови и зеленило има вкупно 4 одговори,
- За областа Екологија и животна средина има вкупно 3 одговори,
- За областите Сообраќајна сигнализација и Дивоградби има по 2 одговори за секоја област и
- За областа Општински служби има вкупно 1 одговор.

**Во повикот за вклучување на граѓаните и организациите е забележано дека сите реално остварливи предлози и идеи ќе бидат разгледани од општинските служби и истите ќе бидат инкорпорирани во самиот Буџет, за што ќе биде објавена и дополнителна листа од истите.**

Изработил:
Владимир Лазов

**М.П**